Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS
Бр.-Nr. 0201-204/3
05. 07. 2021 год.viti
Скопје-Shkup

Врз основа на чл.21, став 1, точка 7 од Статутот на НУ Драмски театар Скопје под бр. 0202-583/8 од 4. 9. 2019 г., Управниот одбор на НУ Драмски театар Скопје, постапувајќи по Жалбата под бр.0402-181/2 поднесена на 25.6. 2021 г. од страна на Павле Игновски, на седницата одржана на ден 5. 7. 2021 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

СЕ ОДБИВА како неоснована Жалбата под бр.0402-181/ 2 од 25. 6. 2021 г. поднесена од Павле Игновски.

СЕ ПОТВРДУВА Одлуката под бр.0201-153/2 од 8. 6. 2021 г. донесена од вд директорот на НУ Драмски театар Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Постапувајќи по Жалба под бр. 0402-181/ 2 о 25. 6. 2021 г. поднесена од Павле Игновски од Скопје, против Одлуката под бр.0201-153/2 од 8. 6. 2021 г. донесена од вд директорот на НУ Драмски театар Скопје, за поништување на јавниот оглас под бр. 1507489 објавен на 4. 1. 2021 г., за вработување на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003, како и целокупната постапка, Управниот одбор на НУ Драмски театар Скопје констатираше дека вд. директорот постапил по Решението на УО под бр.0201-153/ 3 од 3. 6. 2021 г. во чие Образложение е наведено дека составот на Комисија за постапка за вработување е во колизија со Законот за културата и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас под бр.0201-478/5 од 24. 9. 2018 г., бидејќи членовите на Комисјата за постапка за вработување на работното место Друг раководител- технички директор од категоријата и нивото Г01 можеле да бидат само раководни вработени во установата од највисокото ниво 1 во нивната категорија .

Од причина што, согласно напатствијата и укажувањата на Управниот одбор се работи за формална пречка за продолжување на постапката по јавниот оглас односно се доведува во прашање легимитетот на досегашните превземени правни дејствија, вд. директорот одлучил да се поништи јавниот оглас и целокупната постапка и побарал толкување од страна на Министерството за култура на РСМ во делот на потребните квалификации на членовите на комисијата, а согласно укажувањата во Образложението на Управниот одбор во врска со чл.77-ѓ, став 4 од Законот за културата.

Од сето горенаведено се донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против Одлуката на Управниот одбор на НУ Драмски театар Скопје, подносителот на жалбата има право на тужба до надлежен суд во рок од 15 дена од денот на прием на Одлуката.

Претседател на УО на НУ ДТС

Стојан Дамчески